**ЗАПИСНИК**
**од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 01.06.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено патување).**

**Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ го заменуваше директорот на Агенцијата, согласно Овластување бр.03-1452/1 од 28.03.2023 година.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 09:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека насловот на Точка 2 од предложениот Дневен ред ќе се измени и ќе биде Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радиодифузно Друштво ЈОН-РАДИО ДОО СТРУГА.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.05.2023 година.
2. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радиодифузно Друштво ЈОН-РАДИО ДОО СТРУГА.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записникот од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.05.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ го образложи Предлог-решението за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радиодифузно Друштво ЈОН-РАДИО ДОО СТРУГА. Објасни дека ова трговско радиодифузно друштво изврши целосна уплата за надоместокот за дозволата по доставена фактура во рокот согласно Законот и од таа причина се предлага да се запре започнатата постапка.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето му посака на радиодифузерот во иднина да има подобри финансиски резултати и во ваква положба да не се најде следната година.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.**02-2270/3

15-06-**2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**